22.07.2021

Министерство за економија
Ул. Јуриј Гагарин 15,
1000 Скопје
e-mail: info@economy.gov.mk

Предмет: Коментари по однос на спроведување на постапката за стратегиска оцена на животната средина

Почитувани,

Првиот Архус Центар во нашата земја започна со работа во 2019 година и формиран од страна на Здружение за одржлив развој Милиеуконтакт Македонија. Работата на Архус Центарот е заснована врз Конвенцијата на Економската Комисија на ОН за Европа (UNECE) која се однесува на пристапот до информации, учеството на јавноста во одлучувањето и пристапот до правда за прашања поврзани со животната средина (Архуска Конвенција) од 1998 година.

Со овој допис сакаме да укажеме дека постапката за стратегиска оцена на животната средина не е спроведена согласно Поглавје X, Оцена на влијанието на определени стратегии, планови и програми врз животната средина, од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) и Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина (Сл. Весник на РМ, бр. 147/08).

Особено ќе се осврнеме на Член 61, Постапка за донесување на планските документи, изготвувањето на прописи и учеството на јавноста во постапката и член 69, кој се однесува на Известување и учество на јавноста.

Според член 69, пред започнување на постапката за усвојување на планскиот документ (во случајот Национален план за енергија и клима на РСМ, до 2030) и во рок од пет работни

дена од денот на комплетирањето на извештајот за животната средина, органот кој го подготвува планскиот документ (Министерство за економија), објавува информации кои се однесуваат на нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, местото каде што може да се разгледа нацртот на планскиот документ заедно со информација за постапката за учество на јавноста.

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и органите засегнати од имплементацијата на планските документи, правните и физичките лица и јавноста можат да го достават своето мислење во врска со нацртот на планскиот документ и извештајот за животната средина, до органот кој го подготвува планскиот документ, во рок од 30 дена од денот на доставувањето, односно објавувањето на информациите во врска со нив.

Согласно член 6 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина:

- Органот за изработка на пропис и/или плански документ треба да обезбеди услови за учество на заинтересирана јанвност со одржување на најмалку една јавна расправа и да го стави нацрт планскиот документ на јавен увид и на својата веб страна.

- Јавниот увид може да трае најмалку 30 дена

- Јавната расправа се одржува најмалку 15 дена од денот на ставање на планскиот документ на јавен увид, а најдоцна пет дена пред истекот на истекување на рокот за јавниот увид

Забелешка: Министерството за економија на 16.07.2021 објави соопштение за одржување на online Јавна расправа за Национален план за енергија и клима до 2030 година планскиот документ и Извештајот за стратегиска оцена на животната средина, со информација за одржување на јавна расправа на 22.07.2021 година, што не е во согласност со законската регулатива.


Kukushka 4a, 1000 Skopje
aarhus@mkm.mk   www.arhus.mk

На одржаната јавна расправа најпрвин беше побарано да се доставaт коментари и забелешки по однос на планскиот документ и извештајот за стратегиска оцена за животната средина до крајот на месецот, што исто така не е во согласност со законската процедура.

Согласно член 7 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животната средина, органот кој го изготвува планскиот документ, субјектите од заинтерсираната јавност писмено и/или со електронска пошта треба да ги покани да земат учество на јавна расправа за изработка на прописот и/или планскиот документ.

Забелешка: Овој член од Уредбата во конретниот случај не беше испочитуван, бидејќи како што слушнавме на јавната расправа, најголем дел од присутните разбрале или виделе случајно на веб страната на Министерство за економија.

Како Архус Центар кој се залага за доследно спроведување на Архуската Конвенција во РСМ, а особено во делот на пристапот до информации и учеството на јавноста во одлучувањето за прашања поврзани со животната средина, бараме Нацрт -Национален план за енергија и клима до 2030 година и Нацрт извештајот за стратегиска оцена на животната средина за Националниот план за енергија и клима до 2030 година, да биде доставен по електронска пошта до сите засегнати страни (особено здруженија на граѓани кои работат на полето на животната средина и климатските промени) и писмено да бидат известени за рокот за достава на коментари и забелешки, до 16.08.2021.

За дополнителни прашања, Ве молам контактирајте не

Со почит,
Архус Центар
Ул. Кукушка бр. 4А
1000 Скопје


Kukushka 4a, 1000 Skopje
aarhus@mkm.mk www.arhus.mk